СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО

# ЕУ ВЕСТИ

***декември 2015 година***

***ЕУЦ-број 17/2015***

PARIS2015
CONFÉRENCE DES NATIONS UNIES SUR LES CHANGEMENTS CLIMATIQUES
COP21·CMP11

## Содржина на вести:

| | |
|---|---|
| Усвоен глобален договор за климата | 1 |
| Собраниски активности | 2-3 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 4 |
| Нови 13 милиони евра од ЕУ за Западен Балкан | 5 |
| Милијарда евра за Западен Балкан и Турција од ИПА II | 5 |
| Реформа на Европскиот суд на правда | 6 |
| Парламентарни избори во Шпанија | 7 |
| Директива за подобар пристап до производи и услуги на лицата со посебни потреби | 8 |
| Нова ЕУ стратегија за воздухопловство | 9 |
| Социјалните медиуми како извор за здравствени информации | 10 |
| Нови правила за подобрување на сајбер безбедноста | 10 |
| Ирскиот јазик со статус на официјален јазик на ЕУ | 11 |
| Холандско претседателство со Советот на ЕУ | 11 |
| ЕУ календар јануари 2016 | 11 |

## УСВОЕН ГЛОБАЛЕН ДОГОВОР ЗА КЛИМАТА

Претставници од 195 земји на Конференцијата на ОН за климатски промени која се одржа од 30 ноември до 12 декември во Париз, го усвоија првиот глобален Договор за борба против климатските промени. Договорот би требало да овозможи намалување на загревањето на планетата. Со договорот се поставува цел растот на температурата до крајот на векот да се задржи на помалку од 2 целзиусови степени и загревањето да се ограничи на 1,5 степени во однос на периодот пред индустријализацијата.

Поставените цели ќе се постигнат со тоа што земјите ќе работат на намалување на емисиите на стакленичките гасови.

За да стапи во сила, договорот треба да биде ратификуван од 55 земји чиј удел во емисиите на сталеничките гасови градина е 55%.

Со цел да се забави глобалното затоплување во посакуваната мера земјите ветија дека ќе започнат што е можно поскоро со намалување на емисиите. На долг рок, договорот предвидува да се направат напори емисиите предизвикани преку човековите активности да се сведат на ниво кое дрвјата, почвата и океаните ќе можат да ги апсорбираат по природен пат.

Земји кои емитуваат гасови (187) ги доставија до ОН своите поставени цели за намалување на емисиите до 2025 или 2030 година, напорите нема да бидат доволни за намалување на температурите во посакуваната мера. Затоа земјите се повикуваат да ги ревидираат своите цели во наредните 4 години. Од земјите не се бара да постават амбициозни цели туку им се остава простор дека користењето на обновливи извори на енергија ќе биде попристапно.

Со договорот е предвидено земјите на секои пет години, од 2025 година да ги ревидираат своите цели и можности за намалување на емисиите.

Иако документот не предвидува казни за земјите кои нема да ги исполнат своите цели, сепак содржи правила за транспарентност кои треба да ги поттикнат земјите во остварување на ветувањата. Согласно договорот, земјите ќе поднесуваат извештаи за емисиите и напорите за нивно намалување. Развиените земји ќе продолжат да обезбедуваат финансиска поддршка на сиромашните земји и земјите кои веќе се изложени на последиците од климатските промени, додека другите земји се охрабруваат да се вклучат во напорите на доброволна основа. Со ова се отвора можност на земјите како Кина, чии економии забрзано се развиваат, да се вклучат во овие напори.

Во договорот не се наведува конкретен износ на помошта, но сепак богатите земји претходно ветија дека до 2020 година ќе обезбедат 100 милијарди долари за помош на сиромашните земји.

Малите островски земји се најмногу изложени на климатските промени и на нив до одреден степен им е излезено во пресрет бидејќи договорот укажува на загубите и трошоците кои може да се очекуваат од катастрофите предизвикани од климатските промени, на кои повеќе не е можно да се прилагодат. Со фуснота во текстот на договорот, се прецизира дека тоа не подразбира ниту дава основа за било какво повикување на одговорност и надомест на штета, што беше клучно барање на САД.

Договорот би требало позитивно да влијае на преминот на светската економија кон други извори на енергија наместо користењето на фосилни горива.

Експертите сугерираат дека намалувањето на емисиите на ниво што може природно да се апсорбира значи дека светот во следниот половина век ќе престане со емитувањето гасови кои потекнуваат главно од согорувањето на нафта, јаглен и гас. Постигнувањето на оваа цел ќе значи целосна промена на енергетскиот сектор. Многу активисти се загрижени дека земјите и покрај ветувањата не се подготвени за спроведување на таквите радикални и скапи промени.

Договор од Париз претставува првиот глобален договор за борба против климатските промени. Претходниот сличен документ, Протоколот од Кјото во 1997 година ги обврзуваше развиените земји да ги намалат емисиите.

http://www.cop21.gouv.fr/en/

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ



***Одржан 13-от состанок на Мешовитиот парламентарен комитет-Република Македонија и Европска унија***

На 3 и 4 декември 2015 година во Собранието на Република Македонија се одржа 13-от состанок на МПК-РМ и ЕУ, со кој копретседаваа Кенан Хасипи и Алојз Петерле. На состанокот покрај членовите на Мешовитиот парламентарен комитет беа присутни и Фатмир Бесими, потпретседател на Владата на Република Македонија задолжен за евроинтеграции, како и Аиво Орав амбасадор и шеф на Делегацијата на ЕУ во Република Македонија.

На состанокот беа разгледани повеќе прашања во врска со односите на Република Македонија и ЕУ, имплементација на договорите од 2 јуни и 15 јули и предвидените цели од Пристапниот дијалог на високо ниво, со посебен осврт на: владеење на правото, реформи во судството и борбата против корупцијата; изборната реформа и претстојните парламентарни избори; слободата на медиумите и дијалогот меѓу заедниците. Во контекст на Извештајот на Европската комисија за Република Македонија во 2015 година, како и Стратегијата за проширување на ЕУ и Пристапниот дијалог на високо ниво, беа разменети мислења од страна на г. Бесими, потпретседател на Владата на Република Македонија задолжен за евроинтеграции Фатмир Бесими, Аиво Орав шеф на Делегацијата на ЕУ и РМ, и размена на мислења со Никола Попоски, министер за надворешни работи. На состанокот стана збор за евроинтегративниот пат на нашата земја; забелешките во Извештајот за напредокот; реформите кои континуирано се извршуваат; решавањето на спорот со името со Република Грција, како главна пречка за членство во ЕУ и НАТО; добрососедските односи; како и соочувањето на Република Македонија со миграциската криза. По дискусијата, следеа излагања и за слободата на говорот во медиумите и за реформите во изборникот законик.

На крајот од состанокот, Мешовитиот парламентарен комитет, упати **препораки** до институциите на Република Македонија и на Европската унија.

---





***Седница на Парламентарното собрание на Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива***

Во рамките на Македонското претседателство со Централноевропската иницијатива (ЦЕИ), на 10 декември 2015 во Собранието се одржа седница на Парламентарното собрание на Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива (ПД ЦЕИ), на тема: „Миграциската криза како глобален проблем и предизвик: колку е реално само регионално решение? (Европа, ЦЕИ и Западен Балкан)" и „Меѓусебна поврзаност во ЕУ, со посебен контекст на регионот на ЦЕИ". На седницата ѝ претходеа и состаноци на Генералните комитети за политички, економски и културни прашања во чиј фокус беа миграциите, проширувањето во ЕУ и соработката во макроекономската стратегија, секој од свој аспект. Седницата, како домаќин ја отвори шефот на Македонската делегација во ПД ЦЕИ, Јулијана Силјановска, при што изрази задоволство што по успешното претседавање пред тринаесет години, годинава одново ѝ припадна честа на Македонија да претседава со најстарата регионална иницијатива, а присуството на делегациите е показател за интересот на земјите-членки да дискутираат за заеднички теми.

Свои воведни обраќања имаа и г.Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија; г. Ерик Церновиц, заменик-генерален секретар на ЦЕИ; Марго Клестил Лофлер, помошник-генерален секретар на ЦЕИ и Драганчо Апостоловски, заменик-национален ЦЕИ координатор.

Во однос на првата сесија свои излагања имаа Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи на Република Македонија и Ермира Мехмети, претседател на Комисијата за европски прашања. Беше истакнато дека мигрантската криза се покажа досега како невиден предизвик во Европа, ниту една земја не може сама да се справи, туку треба да се изнајде решение на паневропско ниво, а неодамнешните терористички напади укажаа дека сме соочени со транснационална закана и заеднички треба да застанеме против тероризмот. Во втората сесија како приоритет беше издвоен континуираниот развој во транспортната инфраструктура. Се истакна значењето од инвестиции во патниот, железничкиот и авиосообраќајот и потребата од забрзана реформа и изградба на клучните коридори. Целосната функционалност на коридорите ќе овозможи подобра поврзаност на земјите и засилен економски развој. Присутните изразија задоволство од одбраните теми за седницата, коишто се од исклучителна важност за безбедноста и интеграцијата на регионот и Европа воопшто. На крајот беше усвоена финалната декларација.

www.sobranie.mk

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ

***Две јавни расправи во организација на Националниот совет за евроинтеграции***

Националниот совет за евроинтеграции на 24 декември годинава организираше јавна расправа за ***"Итните реформски приоритети за Република Македонија"*** документ на Европската комисија од јуни 2015 год. Итните реформски приоритети кои треба да се исполнат од страна на Република Македонија се однесуваат на следните области: владеење на правото и фундаменталните права, деполитизацијата на јавната администрација, слободата на изразување и изборната реформа. На јавната расправа се обрати Фатмир Бесими, Заменик претседател на Владата на Република Македонија задолжен за европски интеграции, при што истакна дека Итните реформски приоритети се тесно поврзани со двата документи кои Европската комисија ги усвои неодамна - Стратегијата за проширување на ЕУ и Извештајот за Република Македонија за 2015 год. На јавната расправа беа изнесени мислења и ставови во однос на владеењето на правото и судството, парламентарниот надзор над следењето на комуникациите, за регулаторните, контролни и надзорни тела, деполитизацијата на јавната администрација, изборната реформа, слободата на изразување, како и за препораките на Комисијата за испитување за настаните во Собранието од 24.12.2012. Со свои мислења, предлози и коментари учествуваа: Лидија Димова претседател на НСЕИ, Ермира Мехмети претседател на Комисијата за европски прашања, Димитар Стевананџија член на НСЕИ, Горан Мисовски претседател на Комисијата за надзор над работата над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите, Суад Мисини од Истражувачкиот центар за граѓанско општество, Бојан Маричиќ од МЦЕО, Фани Каранфиловска Паневска од ФООМ, Билјана Бејкова од НВО Инфоцентар, Самка Ибраимовски од ПЦЕР и Миша Поповиќ од Институт за демократија "Социетас цивилис".

Националниот совет за евроинтеграции на 22 декември 2015 година организираше јавна расправа на тема ***"Република Македонија во Европската енергетска рамка".*** На јавната расправа свои обраќања имаа: претседателот на НСЕИ Лидија Димова, претставниците од Македонската академија за науките и уметностите академик Глигор Каневче и проф.др.Наташа Марковска, претставникот на Министерството за економија и Државен советник за енергетика и минерални суровини Виолета Кецкаровска и претставникот од Центарот за истражување и информирање за животната средина "Еко-свест" Ана Чоловиќ Лешовска. На јавната расправа предмет на дебата беше постојната Стратегијата за развој на енергетиката во Република Македонија за периодот 2008-2010 со визија до 2030 и особено Нацрт-стратегијата за развој на енергетиката во Република Македонија до 2035 година која е подготвена од Македонската академија за науки и уметности. Од страна на претставникот на "Еко-свест" беше презентиран документ - Анализа на сценаријата за пристапувањето во ЕУ низ призмата на имплементацијата на Стратегијата за енергетика, емисиите и целите утврдени од страна на ЕУ и во другите меѓународни договори. На јавната расправа со свои мислења, предлози и коментари учествуваа: Солза Грчева пратеник и член на НСЕИ, Лилјана Поповска пратеник и член на Комисијата за надворешна политика, проф.Константин Димитров од Центарот за енергетска ефикасност на Македонија, Александра Бујароска од Фронт 21/42, Невена Смилевска од "Еко Свест", Соња Ристеска од Аналитика, Андреја Стојковски од Македонскиот МЦЕО, Александар Дуковски директор на Агенција за енергетика на Република Македонија, Александар Гочев од План 4Д и Џелал Хоџиќ од граѓанската иницијатива "АМАН".







***Комисијата за европски прашања на 23 декември 2015 одржа јавна расправа на тема: Како до европско судство?***

Воведни обраќања имаа: потпретседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања Фатмир Бесими, министерот за правда Аднан Јашари и директорката на Академијата за судии и јавни обвинители Анета Арнаудовска. Присутните беа информирани дека е изготвена Стратегијата 2016-2020 и Акциски план за реформите во судството, согласно барањата на европското законодавство, најдобрите европски практики и регионалните искуства. Во расправата учествуваа пратениците Лидија Димова, Орхан Ибраими, Даниела Рангелова, Лилјана Поповска, Кенан Хасипи, претседателот на Советот за јавни обвинители Петар Аневски и директорката на ЕПИ Малинка Ристевска-Јорданова. Во дискусиите беше истакнато дека независното и непристрасно судство претставува еден од фундаменталните столбови на владеењето на правото, а со тоа и на функционалната демократија, што е важен предуслов за пристапување на земјата кон ЕУ.

Комисијата за европски прашања на седницата одржана на 14 декември 2015 го разгледа Наративниот преглед на степенот на реализацијата на ревизијата на НППА-та за III квартал од 2015 година.

www.sobranie.mk

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

***Пленарна сесија 2 декември 2015 Брисел***

На 2 декември годинава европратениците дебатираа за предлогот на Европската комисија за создавање на циркуларна економија. Пред европратениците беа претставени новите законски предлози, заедно со акциски план.

Во врска со самитот ЕУ-Турција одржан на 29 ноември 2015, повеќето од европратениците истакнаа дека финансирањето на Турција мора да биде темелно проверено бидејќи се сомневаат во одлуката за рестартирање на преговорите за пристапување на Турција во ЕУ.

Работата на Специјалната парламентарна комисија за даночни одлуки ќе продолжи со нов мандат за шест месеци, со почеток од 2 декември годинава. Ова е одлучено на Конференцијата на претседатели и одобрено од страна на Парламентот со 561 гласа наспроти 69 и 5 воздржани. Работата на комисијата ќе се фокусира на штетните режими и практики на корпоративен данок на европско и меѓународно ниво.

Парламентот го одобри Договорот на ЕУ и Лихтештајн за автоматска размена на информации за банкарските сметки на резидентите. Со договорот се оневозможува граѓаните да сокријат парични средства од оданочување на сопствени банкарски сметки. Договорот ќе се се применува од 2018 година.

Граничната агенција на ЕУ-Фронтекс треба да воспостави систем за справување со жалби за наводни прекршувања на основните права на мигрантите и барателите на азил. Ова беше нагласено во резолуција усвоена од европратениците со 488 гласа, наспроти 114 и 33 воздржани.

Во однос на состанокот на Советот одржан на 7 декември годинава, европратениците ја одобрија предлог-директивата на ЕУ со која до 2020 година се предвидува најмалку 40% од неизвршните директори на компаниите да бидат жени. Сега Советот на министри треба да го договори својот став за предлогот и да започнат разговорите со Парламентот.

***Пленарна сесија 14-17 декември 2015 Стразбур***

Делегација од 15 пратеници од Европскиот парламент присуствуваше на Самитот за климата во Париз Европскиот парламент треба да го ратификува постигнатиот договор за климата кој поставува јасна насока за климатската политика за следниот век.

Парламентот усвои резолуција за целосно интегрирање на пазарот на електрична енергија во ЕУ со што сметките за струја може да се намалат за 2 евра по MWh, со што корисниците ќе заштедат до 40 милијарди евра до 2030 година. За да се постигне целта, земјите од ЕУ треба да инвестираат 150 милијарди евра за интерконекција на националните мрежи. Во посебна резолуција која беше усвоена се наложува Енергетската унија да обезбеди на европските граѓани безбедна, одржлива и прифатлива енергија. Европратениците ја нагласија потребата од најдобро користење на постојната национална и прекугранична енергетска инфраструктура, со цел енергијата да се користи ефикасно и да се зајакне безбедноста во снабдувањето.

На дебатата со претседателот на Комисијата, Жан-Клод Јункер, европратениците изјавија дека лидерите на ЕУ треба да го поддржат создавањето на Европска гранична и крајбрежната стража и поблиску да соработуваат во борба против тероризмот.

Европскиот парламент одобри помош на Ирска од 400 илјади евра за 108 стечајци сервисери на авиони, што ќе помогне во изнаоѓање на нови работни места. Парламентот се согласи да обезбеди слична помош од ЕУ во вредност од 2,6 милиони евра за 1.200 стечајци ИТ работници во Финска. Двата случаи за помош од Европскиот фонд за прилагодување кон глобализацијата (EGF) беа одобрени од Советот на министри на ЕУ на 14 декември.

Наградата “Сахаров 2015 за слобода на мислата” беше доделена на Раиф Бадави, Саудиски активист за човекови права.

Европскиот парламент го одобри новиот договор за воспоставување на полициска соработка меѓу Европол и Босна и Херцеговина за интензивирање на заедничката борба против организираниот криминал, тероризмот и други форми на сериозен меѓународен криминал.

Парламентот ја поздрави 40-годишнината од дипломатските односи меѓу ЕУ и Кина.

Европратениците изгласаа резолуција во која се истакнува дека ЕУ и Кина мора да работат заедно во справување со глобалните предизвици и закани, како тероризмот, нелегалната миграција, безбедноста, климатските промени и глобалното финансиско и пазарно владеење. Европратениците повикаа на разговори за забрзување на темпото кон постигнување нов договор за партнерство и соработка врз основа на доверба, транспарентност и почитување на човековите права.

Со резолуција Европскиот парламент повика ЕУ веднаш да почне да ги следи заканите за демократијата, владеењето на правото и основните права во Унгарија. Комисијата треба да оцени дали комбинираниот ефект на владините мерки довеле до "системско влошување" кое може да предизвика слични настани и во други земји-членки на ЕУ.

Европскиот парламент донесе одлука за формирање анкетна комисија од 45 членови, која ќе го испита прекршувањето на правилата на ЕУ за тестовите на емисиите на гасови на автомобилите и евентуалните грешки од страна на земјите-членки на ЕУ и Европската комисија во спроведување на стандардите на ЕУ. Комисијата ќе презентира привремен извештај во рок од 6 месеци, а конечниот извештај во рок од 12 месеци од почетокот на нејзината работа.

Неодамнешните предлози на Европската комисија за финализирање на Европската монетарна унија (ЕМУ) се недоволни за да се справат со сегашните недостатоци во институционалните рамки на евро-зоната.

Земјите-членки мора построго да го применуваат кодот од осум точки на ЕУ за извоз на оружје, особено со променетото безбедносно опкружување во соседството на ЕУ, беше истакнато на дебатата во Европскиот парламент.

http://www.europarl.europa.eu/news/en

## БЕГАЛСКА КРИЗА: НОВИ 13 МИЛИОНИ ЕВРА ОД ЕУ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН

Европската унија на 10 декември 2015 година одобри нова итна хуманитарна помош од 13 милиони евра за Република Македонија и Србија, како поддршка за справување со бегалската криза долж рутата на Западен Балкан.
Со оглед на зимските услови со кои бегалците се соочуваат на рутата на Западен Балкан, со оваа дополнителна хуманитарна помош ќе им обезбеди привремено засолниште, храна, пристап до здравство, вода и санитарни услови.
Дополнителните средства од 13 милиони евра за Македонија и Србија се во прилог на седумте милиони евра хуманитарна помош од овогодишниот хуманитарен буџет на ЕУ од 200 милиони евра за кризата во Сирија и Ирак. Почетниот износ од 1,74 милиони евра е претходно предвиден во 2015 година со цел да се избегне преклопување, па Европската комисија внимателно ја координира хуманитарната помош со финансирање во рамките на претпристапните програми на ЕУ.
Според Европската комисија од почетокот на годинава повеќе од 900.000 луѓе пристигнале во Европа преку морето, а во ноември според УНХЦР имало речиси 140.000 пристигнувања на европско копно, што е 10 пати повеќе во однос на ноември 2014 година. Во 2015 год. повеќе од 83% од бегалците и мигрантите пристигнале во Грција, а многу од нив подоцна заминале низ Западен Балкан кон Западна Европа.



## МИЛИЈАРДА ЕВРА ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН И ТУРЦИЈА ОД ИПА II

Европската комисија на 11 декември годинава усвои пакет на програми за претпристапна помош за 2015 година за поддршка на реформите и регионална соработка на Западен балкан и Турција во износ од околу една милијарда евра. Средствата од 196,6 милиони евра за Србија се наменети за унапредување на демократијата и управувањето, владеење на правото и основните права во транспортниот сектор.
За поврзување на Западен Балкан предвидени се 155 милиони евра за 4 енергетски и исто толку транспортни проекти.
Поради сложените процедури на планирање и потврдување вообичаено е средствата за одредена година да се трошат во наредната. Станува збор за средства од Инструментот за претпристапна помош (IPA II) со кои во земјите од Западен Балкан и Турција се охрабруваат понатамошните демократски и економски реформи, модернизација на судството и јавната администрација, како и регионалната соработка.
Најголема сума од 255,1 милиони евра е наменета за Турција, за Албанија се предвидени 89,9 милиони, БиХ 37,2 милиони, Македонија 24,1 милиони, Косово 78 милиони, за Црна Гора 25,1 милиони и 15,23 милиони евра од повеќегодишната акциона програма 2015-17.
"Овој пакет ја покажува нашата силна посветеност на европската перспектива на земјите од Западен Балкан и Турција. Тоа е долгорочна инвестиција во стабилноста на ЕУ, безбедноста и просперитетот и ги поддржува политичките и економските реформи на земјите на својот пат кон ЕУ", истакна комесарот за европска соседска политика и преговори за проширување г. Јоханес Хан.
За програмите во кои учествуваат повеќе земји од регионот, за 2015 година се одобрени 122,55 милиони евра. Пакетот вклучува и 155,25 милиони евра за програмите за поврзување за 2015-2016 година. Со овие сретства ќе се поддржи финансирањето на големите регионални инфраструктурни проекти во енергетиката и транспортот на Западен Балкан - 4 интерконектори, 2 патни и 2 железнички проекти.
Предвидени се интерконектори за поврзување на електромрежата на Албанија и Македонија I и II и за воспоставување трансбалкански коридор I и II, секции во Црна Гора и Србија.
Предвидени се 2 проекти за патно поврзување на БиХ и Хрватска во рамки на медитеранскиот коридор и 2 железнички проекти - поврзување на Македонија, Косово и Србија, како и Црна Гора и Србија.
Реализацијата на овие проекти ќе ги приближи економиите и општествата во регионот, а се очекува и придонес од ЕУ во повлекување на заеми од партнерските финансиски институции во вредност од 540 милиони евра.
Европската комисија оценува дека подобрувањето на поврзувањето во земјите од Западен Балкан, како и помеѓу тој регион и ЕУ е клучно за економскиот развој на регионот.
Комисијата истакнува дека поврзувањето е поставено високо на листата на приоритети на ЕУ со целосна поддршка на владите од Западен Балкан.
Посебно внимание беше посветено на подготовка и финансирање на конкретни регионални инвестициски инфраструктурни проекти, како и примената на техничките стандарди и т.н. “меки мерки”, како што се поедноставување на прекуграничните процедури.

http://europa.eu/rapid/press-release_IP-15



## РЕФОРМА НА ЕВРОПСКИОТ СУД НА ПРАВДАТА




*«Европскиот суд на правдата се состои од три дела - Суд на правдата како највисока судска инстанца на ЕУ, Општ суд под чија надлежност е заедничкото право на Унијата и Управниот суд за спорови на службениците и институциите»*

На 3 декември 2015 година Советот на ЕУ ја усвои регулативата за реформа на Општиот суд на Европскиот суд на правдата. Целта на реформата е да овозможи Општиот суд да се справи со зголемениот обем на работа и да се осигура дека правниот лек во ЕУ се извршува во разумен рок.

Европскиот суд на правдата се состои од три дела - Суд на правдата како највисока судска инстанца на ЕУ, Општ суд под чија надлежност е заедничкото право на Унијата и Управниот суд за спорови на службениците и институциите.

Со предложената реформа, бројот на судии во Општиот суд постепено ќе се зголеми и Управниот суд за спорови на службениците и институциите ќе се спои со Општиот суд. Бројот на судиите во 2015 година се зголемува за 12, додека 7 судии од Управниот суд за спорови на службениците и институциите во 2016 ќе бидат пренесени во Општиот суд, на кој во 2019 година ќе му се доделат уште дополнителни 21 судии.

Според најновите податоци бројот на предметите кои годишно се поднесуваат до Општиот суд пораснал на 912 предмети во 2014 година, во однос на помалку од 600 предмети пред 2010 година.

На крајот на март 2015 година, Судот се соочи со 1270 нерешени предмети, а проценките се дека бројот на проценети предмети ќе расте.

Донесувањето на пресудите за најчувствителните предмети просечно трае од 4 до 5 години, додека кај другите предмети општо прифатено се смета дека трае една година.
Членот 47 од Повелбата за темелните права, го предвидува правото на добивање на пресуда во разумен временски рок.

Трошоците за зголемување на бројот на судиите за 21 и спојувањето на двата суда би изнесувале 13,5 милиони евра годишно. Овој износ е помал во однос на 26,8 милиони евра кои се побаруваат во неколку покренати постапки како надомест на штета поради доцнење во донесување на пресудите.

Регулативата ќе биде објавена во Службениот весник на Европската унија и ќе стапи на сила наредниот ден по објавувањето.

Процесот за назначување на првите 12 дополнителни судии е во тек. Предложените кандидати од страна на земји-членки (Чешка, Шведска, Шпанија, Унгарија, Полска, Кипар, Литванија, Грција, Летонија, Луксембург, Словачка и Малта) ќе поминат на консултации и интервју од страна на комисија формирана согласно член 255 од Договорот за функционирањето на ЕУ.

Задача на комисијата е да даде мислење за соодветност на кандидатите за вршење на функцијата судија на Општиот суд, пред одлуката за нивно назначување од страна на претставниците на владите на земјите-членки.

http://www.consilium.europa.eu/en/press/

## ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ВО ШПАНИЈА



Новите политички партии во Шпанија - Подемос и Сиудаданос, ќе одржуваат рамнотежа на моќта во претстојните коалициски преговори. Со изборите кои се одржаа на 20.12.2015, се означи крајот на повеќедецениското двопартиски политички систем во Шпанија, откако Народната партија не успеа да го освои апсолутното мнозинство.

Владејачката конзервативна Народна партија на премиерот Мариано Рахој, освои најмногу гласови и обезбеди 123 пратенички места, освои 29% од гласовите на Шпанците, но го загуби мнозинството во Парламентот кој брои 350 пратеници. За апсолутно мнозинство потребни се 176 пратенички места.

За Социјалистичката партија гласаа 22% од гласачите и во новиот состав на Парламентот, ќе има 90 пратенички места. Пабло Иглесиас, лидерот на новата левичарска партија ПОДЕМОС, која сега е трета политичка сила во Шпанија со освоени 69 места и 21% од гласовите, е против острите мерките за штедење и изјави дека нема да и дозволи на владејачката партија да формира нова влада. Централнодесничарската партија-Сиудаданос освои 40 пратенички места и 14% од гласовите.

Партијата Подемос постигна неверојатно добри резултати низ целата земја, освојувајќи го првото место во Каталонија и Баскија, резултат што сугерира широка поддршка за предизборното ветување да се одржи референдум за независноста на Каталоња.

Партијата Сиудаданос е формирана во 2006 година како регионална партија за да се спротивстави на каталонскиот сепаратизам кој минатата година се прошири на национално ниво. Оваа партија исто така го славеше својот резултат на 20.12.2015 год. Лидерот на оваа партија Алберт Ривера порача "Денес почнува нова фаза на надеж, милиони луѓе во Шпанија одлучија дека работите ќе се променат".

Резултатите од изборите оставија отворена можност за лидерот на владејачката конзервативна Народна партија Мариано Рахој да стане првиот лидер во Европа кој ќе биде реизбран по наметнување на строги мерки за штедење. Сепак, Рахој се соочува со неверојатно тешка битка за формирање на влада. Конзервативната народна партија, за да биде во можност и во следните 4 години да биде во Владата, ќе мора да се потпре на други партии, што укажува дека претстои долг процес на преговори меѓу политичките лидери на Шпанија.

Според Гардијан "За прв пат во историјата на демократијата во Шпанија, не е јасно како партијата за која најмногу се гласаше, на кој начин ќе биде во можност да владее со земјата".

Шпанскиот крал Филип VI, до средината на јануари 2016 година ќе треба да ја именува партијата која ќе биде во можност да формира влада. Кандидатот потоа ќе мора да добие апсолутно мнозинство во гласањето на доверба, а доколку не успее да го постигне тоа, во рок од 48 часа ќе се одржи гласање со просто мнозинство. Ако кандидатот повторно не успее да освои потребен број на гласови, кралот мора да предложи нов кандидат.

Ако во рок од два месеци не се формира влада, во Шпанија ќе мора да се одржат нови избори.

http://www.theguardian.com/world/2015/dec/20/peoples-party-wins-spanish-election-absolute-majority

## ДИРЕКТИВА ЗА ПОДОБАР ПРИСТАП ДО ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ НА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ



Европската комисија на 2 декември 2015 предложи Директива со која се поставуваат општи барања за пристапност до одредени прозводи и услуги кои ќе им помогнат на луѓето со посебни потреби за целосна вклученост во општеството.

Производите и услугите внимателно се избрани во консултација со граѓаните и организациите на граѓанското општество и бизнис секторот. Во нив спаѓаат банкомати и банкарски услуги, компјутери, телефони и ТВ опрема, телефонија и аудиовизуелни услуги, транспорт, е-книги и е-трговија.

Предлог-директивата има за цел да го подобри функционирањето на внатрешниот пазар, со што ќе се олесни прекуграничната продажба на пристапните производи и услуги. Општите барања за пристапност ќе се применуваат и во рамките на правилата за јавни набавки на ЕУ и при користењето на ЕУ фондовите.

Со оваа иницијатива ќе се стимулираат иновациите и ќе се зголеми понудата на производи и услуги кои ќе бидат достапни за околу 80 милиони лица со посебни потреби во ЕУ.

Посебно внимание е посветено на обезбедување пропорционалност на барањата, особено за малите и микро претпријатија. Со разумна клаузула се избегнува несразмерното наметнување на барања за пристапност, додека за малите претпријатија се предвидени полесни мерки на усогласување.

Лицата со посебни потреби ќе имаат корист од поголемата понуда на пристапни производи и услуги по конкурентни цени. Подобрената понуда ќе ја искористат и постарите граѓани со слични потреби во поглед на пристапноста, како и сите други лица кои се соочуваат со потешкотии како последица на несреќа, привремена болест или неудобна средина како слаба осветленост или високо ниво на бучава. Со ова се проширува активното учество во општествениот живот, образованието, вработувањето и создавање на поголеми можности за самостојност и мобилност.

Околу 80 милиони луѓе во ЕУ се соочуваат со одреден степен на инвалидитет. Поради стареење на населението, до 2020 година се очекува бројката да порасне на 120 милиони. Пристапноста е предуслов за нивно рамноправно учество и активна улога во општеството.

Конвенцијата на ОН за правата на лицата со посебни потреби содржи обврски за пристапност. Во неа се бара членките како што е ЕУ и земјите-членки, да ги преземат потребните мерки, вклучително и законодавството за обезбедување на пристапност.

Доколку ЕУ не дејствува, секоја земја-членка ќе продолжи да изготвува различни закони за исполнување на своите обврски, со што се зголемува поделеноста на пазарот на ЕУ. Со превземање на мерки од страна на ЕУ може да се спречи таквата поделеност на пазарот. Може да се намалат трошоците за пристапни производи и услуги, што позитивно ќе влијание врз јавните буџети на долг рок, со намалување на зависноста на постарите и немоќни лица.

Во 2011 година, ЕУ ја ратификува Конвенцијата на ОН за правата на лицата со посебни потреби. Во неа инвалидитетот се разгледува како прашање на човековите права, а не од медицинска или добротворна перспектива.

Членот 9 од Конвенцијата ги содржи обврските на земјите-членки за обезбедување на рамноправна пристапност на лицата со инвалидност.

Конвенцијата е потпишана од сите земји-членки, а 25 од нив ја ратификувале. Финска, Ирска и Холандија се подготвуваат за ратификација. Ова значи дека ЕУ и земјите-членки кои се потписнички на Конвенцијата се обврзуваат во рамките на своите надлежности да ги почитуваат и штитат правата на лицата со посебни потреби утврдени во Конвенцијата на ОН.

http://europa.eu/rapid/press-release_IP-15

## НОВА ЕУ СТРАТЕГИЈА ЗА ВОЗДУХОПЛОВСТВО




На 7 декември годинава Европската комисија усвои нова Стратегија за воздухопловство, иницијатива која ќе биде основа за зајакнување на европската економија, зајакнување на индустриска база и глобалната лидерска позиција на ЕУ-што се три клучни приоритети на претседателот Жан-Клод Јункер. Од стабилен и отворен воздухопловен сектор не само што ќе имаат корист бизнисите, туку и на европските граѓани им се нудат повеќе врски со остатокот од светот по пониски цени.

Целта на Комисијата е да креира сеопфатна стратегија за целиот екосистем на авијација во ЕУ. Во овој контекст, приоритетите се:

1. *Да се осигура водечката улога на ЕУ како водечки фактор во меѓународното воздухопловство, притоа гарантирајќи еднакви правила на игра.* Освен зголемување на пристапот кон пазарот, ќе се обезбедат и нови деловни можности за европските компании, а со тоа и фер и транспарентни пазарни услови врз основа на јасна регулаторна рамка. Со договорите ќе се обезбедат повеќе врски и подобри цени за патниците.

2. *Справување со ограничувањата за раст во воздух и на земјата*. Решавањето на проблемите со ограничените капацитети, ефикасноста и поврзувањето се главен предизвик за растот на воздухопловството на ЕУ. Фрагментацијата на европскиот воздушен простор чини најмалку 5 милијарди евра годишно и се ослободува до 50 милиони тони на $CO_2$. Поради ограничените капацитети на аеродромите во ЕУ може да дојде до губење на 818.000 работни места до 2035 година. Во стратегијата се нагласува важноста од докомплетирање на Единствениот европски проект - SKY, оптимизирање на употребата на најпрометните аеродроми.

3. *Одржување на високи стандарди на ЕУ*. Во интерес на европските граѓани и компании од клучно значење е одржувањето на високи стандарди во областа на безбедноста, заштита, животната средина, социјалните прашања и правата на патниците. Во Стратегијата се предложени значајни мерки во таа насока со ажурирање на правилата за безбедност на ЕУ. Со ефективна и ефикасна регулаторна рамка ќе се овозможи поголема флексибилност на индустријата за напредок и одржување на конкурентноста на глобално ниво. Комисијата ќе бара начини да се намали товарот на безбедносни проверки и трошоци преку употреба на нови технологии и пристап базиран на ризик. Уште повеќе ќе го зајакнува социјалниот дијалог и условите за вработување во воздухопловството, ќе преземе цврсти мерки на глобален план за постигнување на неутрален раст на емисиите на јалрерод до 2020 година.

Со иновациите и дигитализацијата ќе се поттикне развој на воздухопловството како двигател на растот. Со Стратегијата се предлага правна рамка за обезбедување заштита и правна сигурност во подрачјето на индустријата со што се решаваат прашањата поврзани со заштита на податоците и приватноста, безбедноста и животната средина. Со соодветни вложувања во технологија и иновации ќе се осигура водечката улога на ЕУ во меѓународниот воздушен сообраќај.

Европската унија планира да инвестира 430 милиони евра годишно до 2020 год. во рамките на проектот за истражување на управувањето со воздушниот сообраќај во Единственото европско небо (SESAR). Со развивање на решенијата на SESAR се отвора можност за создавање 300.000 нови работни места.

Воздухопловството е силен двигател на економскиот раст, работните места, трговијата и мобилноста на ЕУ и има клучна улога во економијата на ЕУ. Овој сектор директно вработува речиси 2 милиони луѓе во ЕУ и остварува 110 милијарди евра од европската економија. Воздухопловниот сообраќај во Европа се предвидува да достигне 14,4 милиони летови до 2035, за 50% повеќе отколку во 2012 година.

http://europa.eu/rapid/press-release_IP-15-6144_en.htm

## МЛАДИТЕ ГИ КОРИСТАТ СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ ЗА ЗДРАВСТВЕНИ ИНФОРМАЦИИ



За многу млади луѓе кои имаат хронични заболувања, социјалните медиуми се важен извор на здравствени информации, според новото истражување од Универзитетот во Глазгов. Според истражувачите, вообичаена пракса во светот е да се користат информации преку "Google", пред да се изврши консултација со лекар или медицинска сестра. Младите луѓе од 18 -30 години се повеќе пребаруваат и ги следат советите по социјалните мрежи. Според истражувањето, младите со дијабетес или здравствени проблеми како анксиозност и депресија, добиваат советување, поддршка и разбирање за нивните проблеми преку социјалните медиуми, веб-сајтови, Facebook и онлајн-форуми Повеќето од младите лица пребаруваат на интернет основни здравствени информации, се изразуваат како до помалку депресија и подобро емоционално здравје како и поддршка на сите луѓе кој се соочуваат со исти или пак слични здравствени проблеми.

Студијата ги анализирала причините поради кои младите луѓе комуницираат преку интернет, на пр. млада жена со диабетис изјавила“Интернет страниците посветени на дијабетис се навистина добри и корисни... доволно е понекогаш да се знае дека има и други луѓе кои што се соочуваат и живеат во истите услови. Младо момче кое се бори со анксиозноста изјавило "Кога се чувствував деприминан пребарував по Google други луѓе кои се во депресија, само да имам увид како тие се соочуваат со истата ситуација... Не сакам да ја знам причината, туку сакам да се знае дека не си единствено ти кој што се чувствуваш така. Добро е чувството кога луѓето те разбираат."

http://www.euractiv.com/sections/health

---

## НОВИ ЕУ ПРАВИЛА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТА



На 7 декември 2015 година, во рамките на Луксембургшкото претседателството со Советот на ЕУ се постигна договор со Европскиот парламент за заедничките правила за зајакнување на мрежната и информациска безбедност на ЕУ.

Со новата директивата се уредуваат обврските за сајбер безбедноста на операторите и давателите на дигитални услуги. Двете категории на даватели на услуги ќе бидат предмет на различни режими.

Директивата ги наведува критичните сектори во кои операторите на основните услуги се активни: енергетиката, транспортот, финансиите и здравјето на луѓето. Во овие сектори, државите ќе ги идентификуваат субјектите кои обезбедуваат основни услуги врз основа на јасни критериуми утврдени во Директивата. Барањата и надзорот ќе бидат зајакнати повеќе за овие оператори отколку за давателите на дигитални услуги. Како дигитални услуги кое ќе бидат опфатени со директивата се платформи за е-трговија, пребарувачите и Cloud услугите.

Од секоја земја-членка на ЕУ се бара да назначи надлежен орган и да донесе стратегија за справување со прашањата од областа на сајбер безбедноста.

Помеѓу земјите-членки на ЕУ ќе се формира група за соработка и размена на најдобри практики. Ќе се воспостави мрежа на национални тимови за инцидентен одговор на компјутерска безбедност за промовирање на оперативната соработка.

Земјите-членки во рок од 21 месец од стапувањето на Директивата во сила треба да ги усвојат потребните национални одредби.

Во периодот од 6 месеци по истекот на периодот за усвојување на националните одредби, земјите ќе треба да ги идентификуваат операторите на основните услуги.

Луксембуршкото претседателство на 18.12.2015 го презентираше договорениот текст пред амбасадорите на земјите-членки во Комитетот на постојани претставници (КОРЕПЕР) и истиот беше одобрен.

За да се заокружи постапката потребно формално усвојување од страна на Советот и на Парламентот .

http://www.consilium.europa.eu/en/press/press

## ИРСКИОТ СО СТАТУС НА ОФИЦИЈАЛЕН ЈАЗИК НА ЕУ



Ирскиот е официјален јазик на ЕУ од 2007 година, но сега постепено ќе премине во работен јазик на европските институции. Ирскиот писател и истакнат лингвист Оскар Вајлд, сигурно би ја поздравил оваа јазична еднаквост.

„Сите животни се еднакви, но некои животни се поеднакви од другите“, често цитираната максима од животинска фарма на Џорџ Овел, се чини погодна кога станува збор за односот на Европската унија кон ирскиот јазик.

И покрај тоа што е еден од 24-те официјални јазици на Унијата, ирскиот постоеше во една управна неизвесност. Ова значи дека европските институции не се должни да обезбедат целосен превод или толкување услуги, како што е случај со останатите 23 јазици. Преводот е задолжителен само кога станува збор за ко-одлуки донесени од страна на Европскиот парламент и Европскиот совет.

Малтешкиот јазик беше ставен под сличен статус кога Малта се приклучи на Унијата во 2004 година. Малтешкиот јазик се зборува како мајчин јазик од околу половина милион луѓе.

На 3 декември годинава Советот најави дека ќе подготви регулатива што ќе го зголеми бројот на области во кои се бара ирски превод, со цел целосно да стави крај на фазата на отстапки до 1 јануари 2022 година.

Веројатно е дека услугите за превод во институциите ќе треба да се прошират со цел да се справат со зголемениот обем на работа.

Граѓаните на ЕУ имаат право да користат кој било од службените јазици во преписка со институциите на ЕУ, кои пак треба да одговорат на истиот јазик.

Секоја институција на ЕУ има свои услуги за преведување, а Генералниот директорат за превод на Комисијата има најголем обем на работа. Директоратот работи со буџет од околу 330 милиони евра годишно. Во 2014 година обработени се 2,3 милиони страници. Проценката на вкупните трошоци за превод на ниво на сите институции е околу 1% од годишниот буџет на ЕУ, или 2 евра по жител на ЕУ.

http://www.euractiv.com/sections/languages

---

## ХОЛАНДСКО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО СО СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Од 01 јануари до 30 јуни 2016 Кралството Холандија ќе претседава со Советот на Европската унија.

Со Холандското претседателство започнува периодот на новата “тројка” на чело на ЕУ: Холандија, Словачка и Малта. Претходните претседателства на Холандија беа одбележани со Договорот од Мастрихт (1992) и Договорот од Амстердам (1997). Холандското претседателство го очекуваат големи предизвици.

Во фокусот на агендата на претседателството се очекува да бидат клучни теми: зајакнување на улогата на ЕУ како глобален актер, предизвиците со мирантската криза, прашањата за енергетиката и климатските промени, зајакнувањето на јавните финансии на Еврозоната.

http://english.eu2016.nl/

***ЕУ КАЛЕНДАР/ јануари 2016***

*1.Холандско претседателство со Советот на ЕУ-01.01.2016-31.06.2016*
*2.Пленарна седница на Европскиот парламент 18-21/01/2016, Стразбур;*
*3.Вроцлав - Европски град на културата, 16-17/01/2016 , Вроцлав, Полска.*



СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 33 локал 414 и 289
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019
Сектор за поддршка на Национален совет за евроинтеграции

www.sobranie.mk

*Во Собранието на Република Македонија во периодот јануари 2011-јуни 2012 година беше спроведен ИПА Проект за "Техничка помош за Парламентот", чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието на Република Македонија и на Службата на Собранието да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*